| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Градот и градинката празнуваат |
| **Содржина на денот** | Легенда за градот Скопје |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | -Разговор на тема зошто не е безбедно за нашето здравје да ги споделуваме играчките со кои играме. |
| **Активности** | -Разговарајте со детето на тема моето омилено место за игра во градот Скопје. Користете фотографии од градот Скопје и детето нека ги препознава и именува. Закачете ги фотографиите во неговата соба. Потота прочитајте ја сликовницата „Легенда за градот Скопје“, (види слики во прилог). Додека читате внимавајте на изговорот на зборовите и интонацијата на гласот. Мотивирајте го детето да ве слуша внимателно. Кога ќе завршите со читањето разговарајте за содржината. Потоа поставувајте едноставни прашања на кои детето ќе може да одговори. Побарајте од детето да ви ја прераскаже содржината од сликовницата. Додека прераскажува понудетете му ја сликовницата да ја разгледува. Пофалете го за прераскажувањето и кажете му дека се гордеете со него. Понудете му ликовен материјал и побарајте од детето да ја илустрира по сеќавање приказната која сте ја прочитале. Закачете го цртежот во неговата соба. |